

СОУ „МИЛЕ ЈАНЕВСКИ ЏИНГАР“ МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА

ИЗВЕШТАЈ ОД САМОЕВАЛУАЦИЈА НА УЧИЛИШТЕТО ЗА ПЕРИОДОТ 2022 – 2024

Декември, 2024

Извештај од самоевалуација на училиштето

СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица

Период:	**2022 - 2024**
Вид на училиштето:	Средно општинско училиште
Основач на училиштето:	Совет на Општина Македонска Каменица
Наставен јазик:	Македонски јазик
Директор на училиштето:	Данче Донева Гоцевска
Претседател на Училишен одбор:	Емилија Ристовска
Адреса на училиштето:	ул. „Александар Македонски“ бр.18
Телефон:	033 431 266
Емаил:	sou.m.j.dzingar@gmail.com
Веб страна:	milejanevskidzingar.mk

РЕЗИМЕ ОД ИЗВРШЕНА САМОЕВАЛУАЦИЈА

Врз основа на Правилникот за начинот и подрачјата за вршењето на самоевалуацијата на средните училишта, донесен врз основа на член 29-а став 4 од Законот за средно образование („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02,40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07,81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 51/11, 6/12,100/12 и 24/13), Комисијата за изготвување на самоевалуација за работата на СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица, за периодот 2022 – 2024 година, изврши самоевалуација на работата во СОУ „Миле Јаневски Џингар“ Македонска Каменица.

За секое пдрачје беа формирани тимови. Секој тим за своето подрачје изврши проверка на потребната документација за секој индикатор одделно. Се спроведе анкета со учениците, наставниците и родителите. Комисијата во состав од пет члена – директорот на училиштето, педагогот на училиштето, двајца наставници и еден родител, сите добиени податоци ги анализираше и врз нивна основа го донесе следниот извештај.

За изготвување на Самоевалуацијата беа користени насоките од Законот за средно образование, од Проектот за модернизација на образованието и Индикаторите за квалитетот на работата на училиштето изготвени од МОН и ДПИ.

Целта на Самоевалуацијата е со конкретни анализи и осврт на сите области на работење на училиштето да се добие слика за квалитетот во работењето, напредокот и постигањата на училиштето, јаките но и слаби страни, за кои ќе следат предлог мерки за нивно надминување. Секако дека воочените слабости ќе ги мотивираат сите учесници во наставниот процес (директни или индиректни) да ги вложат сопствените капацитети и искористат постојните ресурси за подобрување на условите и стандардите во училиштето. На тој начин ќе се придонесе за целосно и квалитетно реализирање на воспитно-образовниот процес.

Самоевалуацијата ги издвојува и приоритетните области на делување за унапредување и осовременување на наставните и воннаставни активности.

Заедничка цел на сите субјекти во училиштето е намалување на слабите страни, а одржување на јаките.

Според целосно извршената самоевалуација, Комисијата ја разгледа целокупната состојба и работа во училиштето, по следните подрачја:

1. **Организација и реализација на наставата и учењето**
2. **Постигнување на учениците**
3. **Професионален развој на наставниците, стручните соработници и раководниот кадар**
4. **Управување, раководење и креирање политика**
5. **Комуникации и односи со јавноста**
6. **Училишна клима и култура**
7. **Соработка со родителите и со локалната средина**

Врз основа на добиените анализи се изведени судовите и заклучоците каде се наоѓа нашето училиште, во која насока се движи и кои се неговите позначајни постигања, слаби страни и приоритетни подрачја.

Прво подрачје: Организација и реализација на наставата и учењето

Индикатори:

1. *Реализација на наставните планови и програми*
2. *Квалитет на наставните планови и програми*
3. *Воннаставни активности*
4. *Планирање на наставниците*
5. *Наставен процес*
6. *Задоволување на потребите на учениците*
7. *Оценувањето како дел од наставата*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Во училиштето редовно се изработуваат наставни планови и програми – годишни, тематски и дневни планирања;* ✓ *За учениците со ПОП се изработува ИОП (индивидуален образовен план) според кој се реализира наставата за учениците со посебни образовни потреби;* ✓ *Редовно се одржуваат состаноци на стручните активи во училиштето;* ✓ *Училиштето дава можност преку анкетирање учениците да се определуваат за изборните предмети кои ќе ги изучуваат следната учебна година, согласно нивните потреби и интереси;* ✓ *При оценувањето се користат стандарди и критериуми за оценување предложени од БРО со кои се информирани и родителите;* ✓ *Во наставата редовно се користи информациско комуникациска технологија согласно наставните содржини и се применуваат апликации и едукативни образовни софтвери.* ✓ *Родителните редовно се информираат за дополнителната и додатната настава.* ✓ *Воннаставните активности се добро организирани и спроведени од страна на наставниците.* *Учениците покажуваат голем интерес за учество во воннаставни активности.*	✖ *Наставата не вклучува доволно истражувачки активности, експерименти и проекти;* ✖ *Недоволна опременост на училиштето со разновидни наставни средства и помагала, работилници и лаборатории;* ✖ *Наставните планови и програми недоволно ги следат научните сознанија, развојот на техниката и технологијата;* ✖ *Мал дел од учениците учествуваат во натпревари по различни предмети.*

Приоритети – идни активности

- Опремување на училиштето со пософистицирани наставни средства и помагала;
- Поттикнување и мотивирање на учениците за учество на натпревари по наставните предмети кои ги изучуваат;
- Наставниците, учениците и Советот на родители да испраќаат предлози и забелешки за измени и дополнувања на наставните програми.

Второ подрачје: Постигања на учениците

Индикатори:

1. *Постигања на учениците*
2. *Задржување/осипување на учениците*
3. *Повторување на учениците*
4. *Известување за напредокот на учениците*
5. *Следење на напредокот*
6. *Промовирање на постигањата*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Училиштето организира додатна настава за да им овозможи на учениците да ги развиваат своите потенцијали;* ✓ *Редовно се организира дополнителна настава за учениците кои послабо напредуваат во наставата;* ✓ *Нема ученици кои ја повторувале годината во последните неколку години;* ✓ *Учениците имаат можност да членуваат во бројни слободни активности;* ✓ *Во училиштето се врши евиденција на неоправданото отсуство од наставата;* ✓ *Сите ученици независно од полот, социјално потекло се еднакво подложни на воспитување од училиштето;* ✓ *По завршувањето на секој*	✖ *Потребно е изготвување на инструменти со кои ќе се идентификуваат надарените ученици;* ✖ *Бројот на упис на нови ученици во прва година е во опаѓање во гимназиското образовние;* ✖ *Осовременување на наставата со воведување на кабинетска настава;* ✖ *Недоволен интерес на учениците со потешкотии во учењето за дополнителна настава;* ✖ *Недоволен интерес и соработка на родителите со училиштето.*

класификационен период се врши споредување на успехот со претходните години; ✓ *Постои изградена политика на опфат на ученици и за тоа се преземаат соодветни активности;* ✓ *Се следи и евидентира напредокот на учениците и редовно се информираат родителите за постигањата на своите деца;* ✓ *Во училиштето редовно се водат и даваат информации до родителите преку Е-дневник, евидентни листови и посети;* ✓ *Се води континуирано следење на напредокот и постигањата на учениците;* ✓ *Активно се учествува на натпревари и конкурси и се постигнуваат солидни резултати.*	

Приоритети – идни активности

- Изработка на мерни инструменти или некој друг модел со наведени индикатори за утврдување на видот на надареноста односно талентираноста на учениците;
- Зголемување на интересот на учениците за воннаставни активности;
- Зголемување на интересот на учениците со потешкотии во учењето за дополнителна настава.

Трето подрачје: Професионален развој на наставниците, стручните соработници и на раководниот кадар

Индикатори:

1. *Наставни средства и материјали*
2. *Следење на развојните потреби на наставниот кадар*
3. *Развојно планирање*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Постои континуиран интерес и желба за стручно доусовршување на наставниот кадар. Се прифаќаат сите обуки кои се нудат или се организираат за наставниците и стручните соработници, со цел се подобри работата, како на индивидуалецот-наставник, така и на ниво на училиште;* ✓ *Училиштето обезбедува еднакво учество на сите наставници на обуките;* ✓ *Се организираат бесплатни обуки за десиминација на наставниот кадар;* ✓ *Училиштето континуирано води професионални досиеја за сите наставници и стручни соработници и ги евидентира нивниот напредок и усовршување, квалитет на работа и потреби;* ✓ *Се води евиденција на посетуваните обуки, кои се класифицираат и се подготвуваат досиеја на наставниците и стручниот кадар за подготвување на личен план за професионален развој;*	✖ *Наставниците не се доволно информирани за идните планирани обуки во наредната учебна година и заради тоа не можат да ги планираат своите активности или пак не се води сметка за времето кога се организираат обуките, често во тој период наставниците се оптоварени со секојдневните активности или оценување на учениците;* ✖ *Училиштето нема инструменти за следење на стекнатите знаења од обуките и нивната примена во редовната работа;* ✖ *Недоволна мотивираност на дел од наставниот кадар за работа на својот личен професионален развој.*

- ✓ *Наставниците редовно ги посетуваат сите организирани обуки*
- ✓ *Соработката меѓу наставниците е на завидно ниво во поглед на размена на искуства, соработка на ниво на стручни активи и меѓусебна помош;*
- ✓ *Во училиштето постои пракса за назначување на ментори кои им помагаат во извршувањето на работните задачи на наставниците –приправници;*
- ✓ *Наставниците кои ги посетуваат обуките се секогаш транспарентно изберени на наставнички совет и се води сметка секој од вработените да посетува барем една обука надвор од училиштето, се води евиденција за посетените обуки, кој ги посетувал и кога;*
- ✓ *Училиштето во последните две години има тенденција на целосна поддршка на професионалниот развој на вработените;*
- ✓ *Училиштето поседува доволен број на ИКТ опрема (компјутери, лаптопи за секој наставник, интерактивни табли, прожектори, принтери, како и принтер во боја);*
- ✓ *Значителен дел од наставниот кадар има изработено План за личен професионален развој;*
- ✓ *Вработените редовно ги посетуваат и активно учествуваат во сите организирани обуки и семинари.*

Приоритети – идни активности

- План за работа во согласност со новите позитивни законски барања за усовршување и унапредување на наставниот кадар:
- Изработка на правилник за наградување на наставниците според новите законски регулативи.

Ова би ги опфатило и следните цели:

- Континуирано стручно усовршување на вработените преку посета на семинари, обуки кои ќе бидат во согласност со индивидуалните потреби на наставниците, но и ќе ги следат глобалните побарувања за квалитетен кадар во образованието, законските прописи за стручен и добро едуциран кадар кој ќе одговори на барањата на современо и квалитетно образование.
- Усогласувања на потребите на наставниците со акредитираните обуки и правење на стратегија за обезбедување на истите.
- Усогласување и имплементирање на законот за наставници и стручни соработници и дополнувања во делот на наградување и мотивирање на наставниците кои со својот труд значително допринеле во воспитно-образовната дејност.

Четврто подрачје: Управување и раководење

Индикатори:

1. *Управување со училиштето*
2. *Раководење со училиштето*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Раководниот тим ја планира и организира воспитно-образовната дејност и работи според насоките и прпораките на БРО;* ✓ *Раководниот орган на училиштето постојано во континуитет ги подобрува просторните услови за работа во училиштето;* ✓ *Тимската работа е подобрена, а со тоа дава задоволителни резултати во организација и поставување на планираните цели;* ✓ *Планирањето и трошењето на училишниот буџет е транспарентен и согласно потребите и можностите* ✓ *Сите вработени се активно вклучени во креирање и постигнување на целите* ✓ *Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;* ✓ *Наменско користење на буџетските и материјалните средства;* ✓ *Директорот има јасна визија за развојот и напредокот на училиштето;* ✓ *Училиштето располага доволно со материјално технички средства за квалитетно одржување на наставата, како и информатичка опрема за примена на ИКТ во наставата.*	✖ *Проблем со парното греење, со цел во иднина да се осамостои од парното во основното училиште* ✖ *Потребна е изградба на енергетско ефикасна фасада на училиштето;* ✖ *Недоволна ангажираност и заинтересираност на родителите за работата и постигнувањата на училиштето* ✖ *Поголема вклученост на родителите (преку соработка со Советот на родители) во донесувањето на значителни одлуки и решенија во училиштето.*

Приоритети–идни активности

- Изготвување на предлог решение за оделување на системот за парно греење и негово реализирање;
- Поголема инволвираност на родителите во создавање на подобри услови за работа и вклученост во активностите што ги презема училиштето;
- Изработка на План за следење и евалуација на реализираните акциски планови;
- Изработка на проект за енергетско ефикасна фасада со цел во иднина спроведување на истиот.

Петто подрачје: Комуникации и односи со јавност

Индикатори:

1. *Интерна комуникација во училиштето*
2. *Наставни планови и програми*
3. *Информираност на родителите и учениците за наставните планови и програми*
4. *Воннаставни активност*
5. *Афирмирање на учениците и на училиштето преку воннаставните активности*
6. *Известување за напредокот на учениците*
7. *Известување на родителите за напредокот на учениците*
8. *Промовирање на постигањата*
9. *Промовирање на личните постигања на учениците*
10. *Промовирање на постигањата во име на училиштето*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Вработените имаат добра меѓусебна комуникација и соработка;* ✓ *Редовно се обезбедуваат информации за сите законски измени кои се од интерес на вработените;* ✓ *Постои соработка со релевантни институции, со МОН, БРО и ЦСОО;* ✓ *Наставниците имаат воспоставено добра комуникација со учениците, еднаков пристап и почит кон сите ученици* ✓ *Учениците имаат поддршка од стручните соработници;* ✓ *Се остварува релативно добра комуникација и соработка со родителите;* ✓ *Училиштето има изградено добра соработка со локалната власт и со бизнис секторот;* ✓ *Училишна Веб страна, фб-профил, училишен меил кои постојано се обновуваат со информации поврзани со*	✗ *Учениците не се доволно свесни за нивниот придонес во совладување на наставната програма во училиштето;* ✗ *Учениците не се доволно мотивирани да се вклучат во различни натпревари.* ✗ *Учениците не се доволно свесни за нивниот придонес за хигиената во училиштето* ✗ *Учениците не се доволно мотивирани да се вклучат во различни натпревари*

✓ *Училишна Веб страна, фБ-профил, училишен меил кои постојано се обновуваат со информации поврзани со училиштето*	

Приоритети – идни активности

Почесто организирање на трибини/работилници и други активности со учениците, за подигање на свеста и мотивацијата за унапредување на учењето во училиштето;
Поголема мотивација за учениците за да се вклучат во различни натпревари, воннаставни активности и манифестации.

Шесто порачје: Училишна клима и култура
Индикатори:

1. *Училишна клима и односи во училиштето*
2. *Углед/имиџ на училиштето*
3. *Кодекс на однесување*
4. *Училишна клима*
5. *Поведение и дисциплина во училиштето*
6. *Партиципација на учениците во решавањето проблеми и донесувањето на одлуки*
7. *Еднаквост и правичност*
8. *Познавање на правата на децата*
9. *Еднаков и правичен пристап на сите ученици*
10. *Прифаќање и промовирање на мултикултурализмот*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Учениците се запознаени со правилата на однесување и куќниот ред на училиштето;* ✓ *Училиштето има изготвен Кодекс на однесување за сите субјекти во училиштето и за родителите на учениицте и истиот истакнат на видно место;* ✓ *Училиштето има донесено и постапува по Правилник изрекување на пофалби, награди*	✖ *Мал дел од родителите делумно се задоволни од односот на наставниците кон учениците;* ✖ *Мал дел од родителите се делумно задоволни од почитувањето на правата на учениците во училиштето* ✖ *Мал дел од учениците се делумно задоволни од соработката и комуникацијата со наставниците;*

и педагошки мерки за учениците; ✓ *Училиштето ги негува родовата сензитивност и мултикултурализам;* ✓ *Вработените во училиштето спрема родителите се однесуваат со почит;* ✓ *Во училиштето редовно се повикуваат на советување и разговор родителите на учениците кои се со намалено поведение;* ✓ *Во училиштето редовно се советуваат учениците со намалено поведение;* ✓ *Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците;* ✓ *Училиштето организира доволно родителски средби;* ✓ *Учениците ги знаат своите права и обврски во училиштето;* ✓ *Наставниците ги учат учениците да бидат одговорни за своите постапки;* ✓ *Наставниците ги учат учениците за да ја почитуваат културата и традицијата на другите етнички заедници;* ✓ *Учениците преку работата на ученичката заедница учествуваат во донесувањето на важни одлуки;* ✓ *Изборот на членови на Совет на родители се врши на демократски начин;* ✓ *На родителите им е достапна евиденцијата за напредокот, присутноста и поведението на нивните деца;* ✓ *Во училиштето се почитуваат правилата од кодексот на однесување од страна наставниците;* ✓ *Во училиштето постои*	✖ *Мал дел од учениците не се согласуваат или делумно се согласуваат дека постои взаемно почитување меѓу наставниците и учениците;* ✖ *Учениците со послаб успех и поведение се делумно вклучени во училишните активости;* ✖ *Мал дел од учениците делумно го почитуваат кодексот на однесување во училиштето;* ✖ *Слаба контрола врз дисциплината за време на одморите.*

професионална соработка меѓу вработените; ✓ *Наставниците подеднакво се однесуваат кон сите ученици без оглед на пол, етничка припадност, социјално потекло и способности;* ✓ *Во училиштето се почитуваат правата на децата и се заштитуваат во случај на нивно нарушување.*	

Приоритети – идни активности

- Подобрување на вземниот однос и почитување меѓу наставниците и учениците;
- Подобрување на соработката и комуникацијата меѓу наставниците и учениците;
- Зголемување на интересот на учениците со послаб успех и поведение за поголема вклученост во училишните активости;
- Активности насочени кон поголемо почитување на Кодексот на однесување од страна на сите ученици;
- Зајакнување на дежурствата на наставниците и техничкиот персонал, особено за време на одморите меѓу часовите.

Седмо подрачје: Соработка со родителите и локалната средина

Индикатори:
1. *Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница*
2. *Известување на родителите за напредокот на учениците*

Јаки страни	***Слаби страни***
✓ *Родителите се вклучени во работата на училиштето преку активна работа;* ✓ *Училиштето е транспарентно кон родителите (редовно организирани родителски средби, навремено достапни информации за тековни аквитности на училиштето, вклученост на родителите со нивни идеи, мислења и ставови);* ✓ *Училиштето е отворено за соработка со локалната заедница, локалните стопански организации, фабрики, културни центри и други надворешни правни и физички лица;* ✓ *Добра соработка со рудник САСА* ✓ *Добра соработка со невладиниот и бизнис секторот.* ✓ *Родителите се вклучени во работата на училиштето преку активна работа;*	✖ *Училиштето нема обезбедено просторија за индивидуални средби со родителите;* ✖ *Да се организираат средби со други образовни институции во локалната средина и пошироко* ✖ *Подобрување на комуникацијата и соработката на сите нивоа (ученик, родител, наставник, стручна служба, директор, општина);* ✖ *Запознаеноста на родителите со можноста за донирање и спонзорирање на училиштето.*

Приоритети – идни активности

- Подобрување на комуникацијата и соработката помеѓу ученик, родител, наставник, стручна служба и директор;
- Поголема активност и иницијатива во спроведување на одредени активности од страна на Советот на родители;
- Да се обезбеди просторија за индивидуални средби со родителите;
- Продолжување на соработка меѓу училиштето, родителите и локалната самоуправа во насока на квалитетно образование на учениците.

Користејќи ги постоечките извори на податоци, постапки и инструменти за собирање на истите, резултатите покажаа дека училиштето во голема мера ги исполнува критериумите на солидно ниво, односно се издвојуваат јаките страни на училиштето, но и слабите страни на истото. Според извршената самоевалуција со донесените приоритети – идни активности ќе се надминат некои од слабите страни на училиштето, со што ќе се придонесе за поголем напредок и развој на училиштето, осовременување на наставниот процес и подигнување на стандардите за учење.

Комисијата, Извештајот од извршената самоевалуација на работењето на училиштето ќе го достави до Училишниот одбор, до директорот на училиштето и до основачот.

Комисија за самоевалуација во состав:

Сања Ристовска – професор по англиски јазик; координатор;
Данче Д. Гоцевска – директор;
Билјана Стојковска – педагог;
Зденко Доневски – професор по спорт и спортски активности;
Даниела Павловска - претседател на Совет на родители.

30.12.2024 година
Македонска Каменица

СОУ „Миле Јаневски Џингар”
Директор
Данче Донева Гоцевска

МП

УО при СОУ „М.Ј.Џингар”
Претседател
Емилија Ристовска
